CIVICA MOBILITAS

*Citizens for change!*

# ЦИВИКА МОБИЛИТАС
# АКЦИСКИ ГРАНТОВИ

## ПОВИК ЗА ПРЕДЛОЗИ
## Реф. бр. ЦМ-АКТ-02

Рок: 10 МАЈ 2016 г., 16:00ч.

## ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ
## пристигнати до 28.4.2016 г.

NIRAS SIPU МЦМС МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (SIPU).

Во продолжение се дадени прашањата и одговорите во врска со вториот повик за акциски грантови бр. ЦМ-АКТ-02, поставени до линијата за поддршка на Цивика мобилитас до 28.4.2016 г.

| Прашање | Одговор |
|---|---|
| **3. КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ** | |
| **3.1. Актери** | |
| 1) Дали како наш партнер во проектот може да биде јавна институција Детска градинка? | Не може.<br>Согласно критериумите за подобност на актерите, објаснети во дел 3.1. Актери од Водичот за апликантите на страна 7. јавна институција Детска градинка, може да се јави само во улога на <u>соработник</u>. |
| 2) Дали јавна образовна институција е подобна за аплицирање? | Критериумите за подобност на актерите се наведени во делот 3.1 Актери од Водичот за апликантите на страница 7. |
| 3) Задруга дали е подобна за аплицирање? | Критериумите за подобност на актерите се наведени во делот 3.1 Актери од Водичот за апликантите на страница 7. |
| 4) Како синдикатите можат да бидат дел од грантирањето на Цивика? | Критериумите за подобност на актерите се наведени во делот 3.1 Актери од Водичот за апликантите на страница 7.<br>На овој повик за акциски грантови, синдикатите се подобни да се јават во улога на партнер (види дел 3.1.2 Партнери). |
| 5) Дали општина може да се пријави како соработник или деловен партнер? | Не може.<br>Согласно критериумите за подобност на актерите, објаснети во дел 3.1. Актери од Водичот за апликантите на страна 7. општина може да се јави само во улога на <u>соработник</u>. |
| 6) Дали е подобен партнер кој се уште не завршил со имплементација на добиен грант од вашата програма, без оглед дали е апликант или партнер? | Критериумите за подобност на актерите се дадени во дел 3.1. Актери од Водичот за апликантите на страна 7, а опис е даден и во делот „Забелешка“ од Водичот за апликантите на страна 2. |
| 7) Дали сегашни апликанти на повикот за специфични акциони грантови ќе бидат подобни за партнери во овој повик за АКЦИОНИ ГРАНТОВИ кадешто сме апликант? | Критериумите за подобност на актерите се дадени во дел 3.1. Актери од Водичот за апликантите на страна 7, а опис е даден и во делот „Забелешка“ од Водичот за апликантите на страна 2. |
| 8) Дали постои можност да аплицираме преку партнер од РМ, затоа што сме регистрирани надвор од РМ? Дали е подобна организацијата како партнер? | Во делот 3.1 Актери од Водичот за апликантите на страна 7 се наведени сите податоци околу подобноста на актерите (апликантот и партнерите).<br>Согласно критериумите за подобност на актерите, објаснети во дел 3.1. Актери од Водичот за апликантите на страна 7. организација која не е регистрирана во Република Македонија може да се јави само во улога на <u>соработник</u>. |
| 9) Доколку организацијата минатата година немала буџет, дали може да аплицира? | Да. |
| 10) Дали постои критериум кога е основана организацијата? | Не. |
| 11) Дали доколку нашата организација е добитник на грант може повторно да биде подобен апликант на предлог-тема базирана на темата од претходниот грант? | Критериумите за подобност на актерите се дадени во дел 3.1. Актери од Водичот за апликантите на страница 7, а опис е даден и во делот „Забелешка“ од Водичот за апликантите на страна 2.<br>Ве советуваме внимателно да го прочитате дел 2. од Водичот за апликантите на страниците 5 и 6, односно деловите кои ги опишуваат целите и резултатите (2.1.), како и приоритетите (2.2.) за овие акциски грантови, како и делот 3.3 Акции од Водичот за апликантите на страница 8, каде се опишани типовите активности. Имајте предвид дека повикот за акциски грантови се разликува од другите претходни повици за грантови. |
| 12) Дали организација која не е регистрирана согласно законот за здруженија и фондации е подобна за овој повик или за што друго? | Критериумите за подобност на актерите се дадени во дел 3.1. Актери од Водичот за апликантите. |
| 13) Дали на овој повик може да аплицира досегашен грантист како како корисник на буџет? | Критериумите за подобност на актерите се дадени во дел 3.1. Актери од Водичот за апликантите на страница 7, а опис е |

| | |
|---|---|
| | даден и во делот „Забелешка“ од Водичот за апликантите на страна 2. |
| 14) Дали има ограничување ГО регистрирана во друг регион да аплицира со акција за друг регион? | Нема ограничување.<br>Сепак при разгледувањето на вашата пријава при оценка на релевантноста се зема предвид дали имате релевантно географско искуство поточно релевантно искуство во регионот/те каде ќе се спроведува акцијата. |
| **3.3. Акции** | |
| 15) Дали овие грантови поддржуваат истражување за „Белата чума“ (миграциите) која владее во Источна Македонија? | Во делот 3.3. Акции од Водичот за апликантите на страница 8 се опишани типовите активности кои треба да ги вклучуваат акциите на апликантите.<br>Во делот 2.2. Приоритети од Водичот за апликантите на страница 6 се наведени 3 приоритети за постигнување на побалансирана група на акциски грантисти. |
| 16) Дали може да се аплицира со истата идеја како во малиот грант? | Да. Но, внимателно прочитајте го делот 2. од Водичот за апликантите на страниците 5 и 6, односно деловите кои ги опишуваат целите и резултатите (2.1.), како и приоритетите (2.2.) за овие акциски грантови, како и делот 3.3 Акции од Водичот за апликантите на страница 8, каде се опишани типовите активности. Имајте предвид дека повикот за мали акциски грантови се разликува од повиците за акциски грантови. |
| 17) Проекти за неформално образование за деца, како на пример:<br>- Online платформи за учење<br>- Едукативни списанија<br>- Едукативни игри (online и борд игри) дали се подобни? | Во делот 3.3. Акции од Водичот за апликантите на страница 8 се опишани типовите активности кои треба да ги вклучуваат акциите на апликантите.<br>Во делот 2.2. Приоритети од Водичот за апликантите на страница 6 се наведени 3 приоритети за постигнување на побалансирана група на акциски грантисти. |
| 18) Дали организација која е регистрирана на цела територија на РМ може да конкурира за грант за еден дел од РМ (3 општини, 2 региона и слично)? | Може.<br>Имајте предвид дека:<br>- При одредување на приоритетот „**Географско покривање** на сите осум плански региони“ се зема предвид местото на регистрација на апликантот.<br>- При оценката на пријавата во однос на релевантноста на акцијата се зема предвид дали апликантот има релевантно географско искуство поточно релевантно искуство во регионот/те каде ќе се спроведува акцијата. |
| **3.4. Трошоци** | |
| 19) Ме интересира дали ревизија може да изврши македонска ревизорска куќа или треба странска (во Водичот е наведено "надворешна")? | Под „надворешна“ се подразбира ревизија што е направена од овластена ревизорска куќа, без разлика каде истата е регистрирана. |
| 20) Дали може координаторите по предлог акциите да бидат хонорарно ангажирани, без оглед на обемот на нивниот ангажман? | Организациите добитници на грант се одговорни за ангажирање на персоналот кој ќе биде одговорен за спроведување на предложената акција. Организацијата е одговорна за нејзиниот персонал и да осигури дека персоналот ги почитува законите. Во случај на нови вработувања, процесот на ангажирање треба да биде заснован на принципите на транспарентност и еднакви можности. Цивика мобилитас ги охрабрува и поттикнува организациите добитници на грант да склучат пишани договори за работа на персоналот, во согласност со законските прописи за работни односи. |
| 21) Дали акцискиот грант може да биде и да финансира дел од веќе постоечки поголем проект (како вид на кофинансирање), пр. IPA Civil Society Facility and Media? | За овој повик се препорачува кофинансирање, но истото не е задолжително, тоа е наведено во делот 2.4 Кофинансирање од Водичот за апликантите на страна 6.<br>Средствата од акцискиот грант може да се употребат за кофинансирање на друга акција, доколку истата придонесува кон целите и резултатите на Цивика мобилитас, наведени во дел 2 од Водичот за апликантите. |
| 22) Дали е во ред, ако по завршувањето на проектот, продуктите од проектот | Здруженијата и фондациите според закон се непрофитни, а доколку во работата се оствари вишок на приходи тој треба да се распредели за целите на организацијата во следниот период. |

| | |
|---|---|
| произведуваат профит за организацијата? | |
| **4. ПРИЈАВА** | |
| **4.1. Образец за пријава** | |
| 23) Дали соработниците треба да пополнат пријава? | Не. За соработниците доколку ги имате, се пополнува делот 1.3 Соработници од Пријавата, а доколку се повеќе од еден соработник се копира табелата соодветно. Внимавајте пријавата да не надмине 17 страници. Доколку имате повеќе соработници и не можете да ги наведете сите во 17 страници од пријавата, приложете ги во прилог на пријавата. |
| 24) Во врска со Excel табелата за буџетската рамка, дали делот Барање за акциски грант (во денари) најгоре лево и вкупната сума долу десно мора да се поклопуваат до денар? | Во прилог 5. Буџет на акцијата со оправданост на трошоците, келијата „Барање за акциски грант (во денари)“ содржи формула која ја презема сумата од збирот во колоната „вкупно“ т.е. од збирот на износите од петте буџетски линии, доколку нема ко-финансирање. Поточно, доколку апликантот нема обезбедено кофинансирање за предложената акцијата, „Барање за акциски грант (во денари)“ треба целосно да се поклопува со збирот во колоната „вкупно“ т.е. од збирот на износите од петте буџетски линии.<br>Доколку апликантот има обезбедено кофинансирање за предложената акција, во „Барање за акциски грант (во денари)“ се внесува сумата која се бара од Цивика мобилитас, а во „Кофинансирање (во денари) - ако е предвидено“ се внесува износот на кофинансирањето. Во овој случај збирот на „Барање за акциски грант (во денари)“ и „Кофинансирање (во денари) - ако е предвидено“ треба да се поклопува со збирот во колоната „вкупно“ поточно со збирот на износите од петте буџетски линии.<br>Сумата во „Барање за акциски грант (во денари)“, како и сумата во „Кофинансирање (во денари) - ако е предвидено“ од прилог 6, треба целосно да се поклопува и со соодветните суми наведени во пријавата во дел 1. Краток преглед: „Барана сума (во денари)“ и „Кофинансирање (во денари)“. |
| 25) Дали во вториот worksheet во Ексел табелата за буџетската рамка, за оправданост треба да се пишуваат и сумите или само да се објасни? | Во тој дел треба се образложи оправданоста на планираните трошоци за секоја ставка поединечно следејќи ги ставките наведени во буџетот. Доколку е потребно може да се користат суми при објаснувањето на начинот на пресметката/ оправданоста на трошоците. |
| **5. ОЦЕНКА** | |
| 25) Ако ГО е регистрирана во еден регион, а акцијата е во друг регион што ќе се земе предвид, местото на регистрација или акцијата? | При одредување на приоритетот: **Географско покривање** на сите осум плански региони се зема предвид местото на регистрација на апликантот.<br>При оценката на пријавата во однос на релевантноста на акцијата се зема предвид дали апликантот има релевантно географско искуство поточно релевантно искуство во регионот/те каде ќе се спроведува акцијата. |
| **8. ПРЕЛИМИНАРНА ВРЕМЕНСКА РАМКА** | |
| 26) Ве молам за информација околу временската рамка за отопчување на имплементацијата на одобрените проекти, поточно кога најрано а кога најдоцна се очекува тие да почнат. | Спроведувањето на акциите ќе започне откога ќе се потпише договор за акциски грант. Согласно делот 8 од Водичот за апикантите: Прелиминарна временска рамка, планирано е договорите да се потпишат до 15.6.2016 г.<br>Ве молиме имајте предвид дека оваа временска рамка може да се промени. Затоа, Ве советуваме редовно да ја проверувате веб-страницата: http://www.civicamobilitas.mk/mk/komponenti/2/cm-akt-02 за да бидете во тек со евентуалните примени. |

http://civicamobilitas.mk/
https://www.facebook.com/civicamobilitas